USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

MEDNARODNO RAZVOJNO SODELOVANJE SLOVENIJE
SLOVENIA'S DEVELOPMENT COOPERATION

Center of Excellence in Finance

TRAINING OF INTERNAL AUDITORS IN THE PUBLIC SECTOR IN MACEDONIA
ОБУКА ЗА ВНАТРЕШНИ РЕВИЗОРИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ВО МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

## ПРОЕКТ „ОБУКА ЗА ВНАТРЕШНИ РЕВИЗОРИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР“ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# **Повик за пријавување за сертификација на внатрешни ревизори во рамки на Програмата за обука и сертификација на внатрешни ревизори во јавниот сектор во Република Македонија**

Министерството за финансии, во соработка со CEF (Center of Excellence in Finance) и CIPFA (Chartered Institute for Public Finance and Accountancy), започнува со реализација на Проектот „Обука за внатрешни ревизори во јавниот сектор“ во Република Македонија, во чии рамки ќе биде реализирана Програма за обука и сертификација на внатрешни ревизори во јавниот сектор.

Целта на програмата е во два циклуси од по 40 кандидати да се обучат и сертифицираат внатрешни ревизори од јавниот сектор согласно меѓународно прифатените стандарди и најдобрите практики и да се стекнат со меѓународно признат сертификат за овластен внатрешен ревизор во јавен сектор. Програмата за обука ќе се состои од три меѓународни и еден национален модул.

Пријавените кандидати за учество во обуката треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да се вработени во јавниот сектор на Република Македонија,
- Да имаат завршено високо образование,
- Да имаат најмалку две години работно искуство во областа на ревизијата.

Пријавените кандидати ќе бидат вклучени во програмата за квалификација, односно воведна работилница од областа на основите на сметководството и ќе полагаат испит, врз основа на кој ќе се изврши селекција на 80 кандидати. Избраните кандидати ќе потпишат договор согласно кој ќе имаат обврска да присуствуваат на обуките и испитите во рамки на Програмата за обука и сертификација на внатрешни ревизори во јавниот сектор во Република Македонија.

**Ги повикуваме заинтересираните кандидати да ги пополнат Обрасците за пријавување на македонски и англиски јазик, објавени на веб страницата на Министерството за финансии на следниот линк: http://www.finance.gov.mk/tiapsmk и скенирани заедно со бараните прилози и кратка биографија (CV), да ги доставаат електронски најдоцна до 05.11.2012 година (понеделник), до 14.00 часот, на следните e-mail адреси:** nikolina.aleksovska@finance.gov.mk и aritia.tutarkova@finance.gov.mk

За датумите за почеток на обуките дополнително ќе бидете известени.

За сите дополнителни информации, можете да ги контактирате: Николина Алексовска и Аритиа Тутаркова, од Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола во Министерството за финансии, ул. „Даме Груев“ бр.14, на контакт телефон 3230-378 и 3106-324 или на следните e-mail адреси: nikolina.aleksovska@finance.gov.mk и aritia.tutarkova@finance.gov.mk

Министерство за финансии